
# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ




# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ


| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **Број 5** | **03.12.2025 год.** |


**ЈЕГУНОВЦЕ, ДЕКЕМВРИ 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За прогласување на Критериуми за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Јегуновце за 2026 година

**Се прогласува** Критериуми за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Јегуновце за 2026 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/1
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ„бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16... и „Сл.весник на РСМ бр.96/19 и 151/21) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ„ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/02), Советот на општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год., ги утврди минималните цени на земјоделско и градежно земјиште утврдени врз основа на постигнатите цени на промет во 2025 год.кои ќе се користат за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во општина Јегуновце и зоните за населените места кои припаѓаат во Општина Јегуновце

# К Р И Т Е Р И У М И

За утврдување на пазрана вредност на недвижен имот во општина Јегуновце за 2026

## Член 1

А. ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

| Кат. класа | КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ | |
|---|---|---|
| | нива, градина овошна градина цена ден/м2 | ливада, лозје, шума, пасишта и друго цена ден/м2 |
| 1 | 220 | 180 |
| 2 | 200 | 160 |
| 3 | 180 | 140 |
| 4 | 160 | 120 |
| 5 | 140 | 110 |
| 6 | 120 | 100 |
| 7 | 100 | 90 |
| 8 | 90 | 80 |

Б. ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

| КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ | Градежно земјиште цена ден/м$^2$ |
|---|---|
| Јегуновце, Вратница, Подбреѓе и Копанце | 1000 |
| Жилче, Сиричино, Шемшово, Прељубиште, Јанчиште,Старо Село,Орашје, Туденце, Ратае,Јажинце Раотинце и Рогачево | 950 |
| Беловиште | 900 |

| КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ | НАСЕЛЕНИ МЕСТА |
|---|---|
| | Јегуновце,Вратница,Жилче,Шемшово Прељубиште,Ратае,Сиричино,Јанчиште, Копанце,Беловиште,Подбреѓе,Ротинце, Туденце,Јажинце,Орашје,Рогачево и Старо Село |

## В.УТВРДЕНИ ЗОНИ

| Утврдена зона | одговара на зоната од методологијата | Бодови |
|---|---|---|
| 1-ва зона | XV ЗОНА | 40 |

| Утврдена зона | НАСЕЛЕНИ МЕСТА |
|---|---|
| 1-ва зона | Јегуновце, Вратница,Жилче,Шемшово,Прељубиште, Ратае, Сиричино,Јанчиште,Копанце, Беловиште,Подбреѓе,Ротинце,Туденце, Јажинце,Орашје,Рогачево и Старо Село |

Член 2

Пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данок на имот.

Член 3

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

Член 4

Даночната основа за данок на промет на недвижен имот, Даночната основица за данок на промет по договор за доживотна издршка и даночната основица за данок на наследство и подарок помеѓу наследниците од прв и втор наследен ред се намалува за 50% од утврдениот износ.

Член 5

Пазарната вредност на недвижниот имот како вредност на имотот која може да се постигне во слободниот промет во моментот на настанување на даночната обврска се утврдува за следните видови недвижен имот и тоа за:

1. Згради

а) станбени згради и станови (подруми, балкони, лоѓии и тераси),

б) деловни згради и деловни простории,

в) административни згради и административни простории, и

г) згради и станови за одмори и рекреација.

2. Земјишта
а) земјоделско,
б) градежно,
в) шуми,и
г) пасишта.

3. Други градежни објекти
а) гаражи,
б) помошни објекти (амбари, штали, плевни, шупи) и
в) друг недвижен имот

Член 6

Пазарната вредност на недвижниот имот од член 5 на овие критериуми се утврдува во пресметковни бодови по м2 функционална површина за зградите и другите градежни објекти и по м2 површина за земјишта, во зависност од видот на имотот и според основни и дополнителни елементи содржани во овие критериуми и во обрасците кои се составен дел на методологијата.

Член 7

Функционалната површина на еден стан во колективни станбени згради се пресметува како збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите и ходниците зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите и 30% од површината на подрумот.

Функционалната површина на еден стан во колективна станбена зграда која се наоѓа на поткровје претставува збирот на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите и ходниците, зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите и 30% од површината на подрумот.

Функционалната површина на индивидуална станбена зграда (куќа) се пресметува како збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите, ходниците и другите простории, зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите.

Функционалната површина на еден стан во индивидуална станбена зграда (куќа) која се наоѓа на поткровје преставува збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите и ходниците, зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите.

Функционалната површина на подрум и сутерен во индивидуална станбена зграда (куќа) се пресметува како збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови.

Функционалната површина се определува според соодветна документација а ако таква не постои со мерење.

Член 8

Критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот за општина Јегуновце влегуваат во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце.

Бр. 08-2530/3
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на противпожарно возило за потребите на Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на противпожарно возило за потребите на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/2
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и сл.весник на РСМ 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год., донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства за набавка на противпожарно возило за потребите во Општина Јегуновце

Член 1

Советот на Општина Јегуновце одобрува набавка на противпожарно возило за потребите во Општина Јегуновце.

Набавката од став 1 на овој член ќе се изврши со средства од Буџетот на Општина Јегуновце согласно Законот за јавни набавки.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр. 08-2530/4
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За прогласување на Одлука за склучување на договор за концесионерите што стопанисуваат на територија на Општина Јегуновце и утврдување на висината за надоместок за користење на локалните патишта

**Се прогласува** Одлука за склучување на договор за концесионерите што стопанисуваат на територија на Општина Јегуновце и утврдување на висината за надоместок за користење на локалните патишта, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/3
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и„Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21 став 1, точка 5 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на петата седница одржана на ден 02.12.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

За склучување на договор за концесионерите што стопанисуваат на територија на Општина Јегуновце и утврдување на висината за надоместок за користење на локалните пристапни патишта

Член 1

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Јегуновце се овластува да склучи договори за користење на локалните пристапни патишта со концесионерите што стопанисуваат на територија на Општина Јегуновце.

Член 2

За користење на локалните пристапни патишта за концесионерите се определува надоместок во висина од 20.000,00 денари. месечно.

Средствата од став 1 на овој член ќе бидат наменети за изградба на локални патишта и улици од населените места каде што се наоѓа експлоатационо поле на концесионерите.

Меѓусебните права и обврски помеѓу Општината и концесионерите ќе се регулираат со склучување на договор.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот во објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/5
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за утврдување на надоместок за градба на семејни стамбени и деловни згради , лиииски и инфраструктурни објекти и други објекти

**Се прогласува** Одлука за утврдување на надоместок за градба на семејни стамбени и деловни згради , лиииски и инфраструктурни објекти и други објекти, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/4
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и 202/24 на РСМ), и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце (Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год., донесе

# О Д Л У К А

За утврдување на надоместок за градба на семејни стамбени и деловни згради, линиски и инфрастуктурни објекти и други објекти

Член 1

За изградба на индивидуални стамбени и други објекти што се градат на градежно земјиште опфатено со урбанистичка планска документација на кое не е обезбедено целосно уредување на градежното земјиште се плаќа надмосток од 360,00ден/м2 кој преставува основа за пресмека, односно коефициент 1.0 за нето градежна површина.

Член 2

За изградба на деловен простор во стамбен објект надвор од него, како и за сите објекти кои служат на деловниот простор што ќе се гради на градежно земјиште се плаќа надоместок од член 1 на оваа Одлука помножен со коефициент 1.5. односно 540,00 ден/м2

За изградба на објекти за:
-Катни гаражи
-Тешка и загадувачка индустрија
-Лесна и незагадувачка индустрија
-Сервиси
-Стоваришта
ќе се плаќа надоместок од 6.000,00ден/м2

За изградба на:
-Угостителски и туристички комплекси
-Хотели и мотели
-Планинарски домови
ќе се плаќа надоместок во износ од 3.500,00ден/м2

За изградба на ловечки, планинарски и други објекти во сопственост на непрофитни организации ќе се плаќа надоместок во износ од 2.000,00дем/м2

Член 3

За доградба, надградба и реконструкција на објектите се плаќа надоместок во висина од 50% од утврдената вредност во членовите 1 и 2 од оваа Одлука.

Под доградба и надградба според став 1 на оваа Одлука, се подразбира секое добивање на нова површина постигната со изградба на нов дел од објектот по хоризонтала и вертикала или со затворање на одвоените површини од објектот, а да не преставуваат повеќе од 50% од постојаните површини и да не бидат посебна функционална целина.

Член 4

Изградба на линиски и инфраструктурни објекти ќе се плаќа надоместок во износ од:

-За поставување на антени со претечка радиодифузна телекомуникациска и др.опрема (базни станици)----------60.000,00 денари/единица

-За поставување на столбна трафостаница--------40.000 денари/столб

-За поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија со максимален инсталиран капацитет до 1MW не се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште.

-За поставување на мала монтажна, бетонска или зидана трафостаница до 12м2------- 60.000,00 денари/единица

-За поставување на дрвен, армирано бетонски и друг вид на столб до1м2-------- 3.000,00 денари/единица

-За поставување на решеткасти столбови за далекуводи------5.000,00 денари/м2

-Ископ на ров за поставување на подземна инфраструктура до 5км ----- 250,00 денари/м1

-Ископ на ров за поставување на подземна инфраструктура над 5км ----- 200,00 денари/м1

-Траса за поставување на воздушни видови за надземна инфраструктура до 1км -------- 200,00 денари/м1

-Траса за поставување на воздушни видови за надземна инфраструктура над 1км -------- 150,00 денари/м1

Член 5

Изградба на цистерни за складирање на гориво --------70% од утврдената цена за деловен простор

Член 6

Изградба на отворени, затворени и комбинирани рекреативни базени и рибници ------70% од утврдената цена за деловен простор

Член 7

Пресметување на користената површина за плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште ќе се врши според следните коефициенти:

**1.Деловни и јавни објекти**

| | |
|---|---|
| -деловни простории<br>-магацин во приземје во функција на деловен објект (дуќан), производен погон | 1.0<br>1.0 |
| -сутеран | 1.0 |
| -галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| -магацини и други простории во визба | 0.5 |
| -гаражи во подрум | 0.1 |
| -гаражи за приземје | 1.0 |
| -трафостаница до 35кв во објект И надвор од објектот | 0.4 |
| -трафостаница над 35кв | 1.0 |
| -складишен простор и заеднички комуникации | 0.5 |
| -логија затворена од три страни | 0.5 |
| -подлогија затворена од 2 страни | 0.3 |
| -балкони,тераси | 0.4 |
| -отворен наткриен простор (настрешница) | 0.3 |
| -помошни простории | 0.3 |
| -објекти со висина над 32 ката | 0.27 |
| паркиралиште | 0.1 |

**2.Други објекти**

| | |
|---|---|
| -катна гаража | 0.05 |
| -спортски покриени објекти | 0.5 |
| -спортски откриени објекти | 0.3 |
| -гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата | 1.0 |
| -базени | 0.2 |
| -трафостаница над 35кв | 1.0 |
| -агро берзи | 0.5 |
| -откупно дистибутивни центри и пазари | 0.5 |

**3. Објекти од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси**

| | |
|---|---|
| -Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0.05 |
| -Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0.01 |
| -Г3 сервиси | 0.01 |
| -Г4 стоваришта | 0.01 |

**4. Бензиска пумпна станица со придружни содржини и помошни простории**

| | |
|---|---|
| -продажни простории на бензиски пумпни станици | 1.0 |
| -услужни простории на бензиски пумпни станици | 1.0 |

**5. Објекти од група на класи на намена Б5 и А4**

| | |
|---|---|
| -угостителски и туристички комплекси | 0.05 |
| -хотелски комплекси и одмаралишта | 0.05 |
| -хотел | 0.05 |
| -мотел | 0.05 |
| -планинарски дом | 0.05 |
| -ловечки и други домови | 0.05 |

**6. Објекти од класа на намена Е**

| | |
|---|---|
| -Е1-комунална инфраструктура (цевководи и водови за сите видови на кабел | 1.0 |
| -Е2-комунална суораструктура (терминали од секаков вид, аеродроми, гранични премини,бензиски пумпни станици, мерни станици, трафостраници до 20КВ, градби за производство на енергија, резервоари за вода, против пожарни домови и сл.) | 1.0 |

Член 8

Оваа одлука се однесува на сите населени места во општина Јегуновце.

Член 9

Барателите на дозвола за градба по оваа одлука износот да го уплатат на жиро-сметка Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка на Буџет на општина Јегуновце 840-131-06511, приходна шифра 717137-00 со цел на дознака за уредување на градежно земјиште.

Член 10

Со влегувањето во сила на оваа Одлука и нејзино применување престанува да важи одлуката на Совет на Општина Јегуновце, бр.07-1081/10 од 03.07.2014г. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.17/2014), бр.08-631/6 од 15.05.2019г. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/2019), бр.08-296/3 од 15.02.2024г. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.35/2024).

Решавањето на предметите започнати пред денот на отпочнување со примената на оваа Одлука, ќе продолжи во согласност со одредбите од Одлуката донесена од Советот на Општина Јегуновце бр. бр.07-1081/10 од 03.07.2014г. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.17/2014), бр.08-631/6 од 15.05.2019г. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/2019), бр.08-296/3 од 15.02.2024г. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.35/2024).

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Јегуновце а ќе се применува од 01.01.2026 год..

Бр. 08-2530/6
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.

**Се прогласува** Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/5
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год. донесе

# О Д Л У К А

За давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2026 год. бр.02-638/3 што Управниот одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ја усвои на ден 26.11.2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/7
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за трансферирање на средства –субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.

**Се прогласува** Одлука за трансферирање на средства –субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/6
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02и Сл.весник на РСМ202/24) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год. донесе

# О Д Л У К А

## за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2026 година

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ќе се трансферираат финансиски средства-субвенции за 2026 год. на ставка 461130-Програми А0 и Ј1 и ставка 464990-Програма А0.

Финансиските средствата ќе се трансферираат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце во 2026 год. во зависност од финансиските можности на општината и потребите на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Член 2

Средствата што ќе се трансферираат врз основа на оваа Одлука се неповратни за покривање на расходи за тековно одржување, субвенционирање, комунални услуги и други расходи, и истите јавното претпријатије ќе ги користи рационално и економично за нормално функционирање на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, по претходно доставено барање за одобрување на финансиски средства.

Член 3

Средства од Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 год. ќе се трансферираат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце на жиро-сметка бр.290 00000 24040-02, ЕДБ 4055021501658, депонент ТТК Банка АД Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/8
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/7
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год. донесе

# О Д Л У К А

За давање на согласност на Статаутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Статаутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце,бр.02-638/4 што Управниот одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ја усвои на ден 26.11.2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/9
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце

**Се прогласува** Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/8
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и сл.весник на РСМ 202/24) и член став 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год., донесе;

# О Д Л У К А

За продолжување на мандат на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Со оваа одлука се продолжува мандатот:

- на членовите на Управниот одбор на Општинското јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, именувани со одлука бр.08-1556/16 од 30.11.2021,и
- на членовите на Надзорниот одбор на Општинското јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, именувани со одлука бр.08-1556/17 од 30.11.2021.

Член 2

Мандатот на постоечките членови на Управниот одбор и Надзорен одбор одбор на Општинското јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце,се продолжува не подолго од 6 месеци од денот на престанокот на мандатот,(мандатот е престанат на 30.11.2025 год).

Член 3

Постапката за именување и разрешување на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор ќе се спроведе по влегување во сила на оваа Одлука, но не подолго од периодот за кој се продолжува мандатот на актуелните членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Општинското јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/10
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна локална установа Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште –Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна локална установа Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште – Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/9
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и сл.весник на РСМ 202/24) и член став 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год., донесе;

# О Д Л У К А

За продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна локална установа Библиотека„Светлина„-Drita„с.Прељубиште-Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа одлука се продолжува мандатот на членовите на Управниот одбор на локалната установа Библиотека„Светлина„-Drita„с.Прељубиште-Општина Јегуновце,именувани со одлука бр.08-1556/14 од 30.11.2021.

Член 2

Мандатот на постоечките членови на Управниот одбор на Јавна локална установа Библиотека„Светлина„-Drita„с.Прељубиште-Општина Јегуновце,се продолжува не подолго од 6 месеци од денот на престанокот на мандатот,(мандатот е престанат на 30.11.2025 год).

Член 3

Постапката за именување и разрешување на членови на Управниот одбор ќе се спроведе по влегување во сила на оваа Одлука, но не подолго од периодот за кој се продолжува мандатот на актуелните членови на Управниот одбор на Јавна локална установа Библиотека„Светлина„-Drita„с.Прељубиште-Општина Јегуновце.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/11
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24 ) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с. Јегуновце, Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с. Јегуновце, Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 02.12.2025 год.

Бр. 09-2569/10
03.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и сл.весник на РСМ 202/24) и член став 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на петата седница одржана на ден 02.12.2025 год., донесе:

# О Д Л У К А

За продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце

Член 1

Со оваа одлука се продолжува мандатот на членовите на Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца- Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце ,именувани од страна на основачот со одлука бр.08-1556/15 од 30.11.2021.

Член 2

Мандатот на постоечките членови на Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца- Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, општина Јегуновце,се продолжува не подолго од 6 месеци од денот на престанокот на мандатот,(мандатот е престанат на 30.11.2025 год).

Член 3

Постапката за именување и разрешување на членови на Управниот одбор ќе се спроведе по влегување во сила на оваа Одлука, но не подолго од периодот за кој се продолжува мандатот на актуелните членови на Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца- Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце,општина Јегуновце.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2530/12
02.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02 и "Сл.весник на РСМ,, бр.202/24), а согласно член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ,, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 17.11.2025 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување од функцијата директор на Општинско основно училиште ШЕМШЕВО с.Шемшево. Јегуновце**

1. **Бурхан Ејупи** роден 15.01.1976 год. во Тетово, со место на живеење во с.Шемшово ул. 101 Бр. Б.Б., со ЕМБГ 1501976470152, **се разрешува од функцијата директор** на ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево. Јегуновце **заклучно со 17.11.2025 год.**, поради доставен писмен поднесок за дадена оставка од функцијата директор.

2. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-189/3 од 07.02.2025 год. со кое лицето од точка 1 на ова Решение беше именувано на функцијата директор на ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево. Јегуновце.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Бурхан Ејупи со Решение од Градоначалникот на Општина Јегуновце бр. 09-189/3 од 07.02.2025 год. беше именуван за директор на ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево. Јегуновце со мандат од 4 години.

Бурхан Ејупи до Градоначалникот на Општина Јегуновце достави писмен поднесок заверен со наш архивски бр. 0901-2465/1 од 17.11.2025 год. за дадена оставка од функцијата директор, и истиот по неговото разрешување ќе биде распореден на работно место на кое бил распоредена пред да биде именуван на функцијата директор.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Евентуално поднесена жалба против ова Решение не го одложува неговото извршување.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02 и "Сл.весник на РСМ,, бр.202/24), а согласно член 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ,, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 18.11.2025 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должност Директор на Општинско основно училиште ШЕМШЕВО с.Шемшево. Јегуновце**

1. **Арѓент Алити** роден 20.08.1983 год. во Тетово, со место на живеење во с. Шемшево ул. 101 Бр. ББ, со ЕМБГ 2008983470023 со завршено ВСС - Факултет за физичка култура - Дипломиран професор по физичко и здравствено воспитување, вработен на неопределено време во ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево, Јегуновце на работно место наставник по физичко и здравствено образование, **се именува за вршител на должност директор** во ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево, Јегуновце.

2. Вршителот на должност директор од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите во непрекинато траење **почнувајќи од 18.11.2025 год**. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 18.11.2025 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од редот на вработените во ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево, Јегуновце, Арѓент Алити вработен на неопределено време на работно место наставник по физичко и здравствено образование во ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево, Јегуновце, се именува за вршител на должност директор во ООУ ШЕМШЕВО с.Шемшево, Јегуновце.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 18.11.2025 год. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесеувањто а ќе се применува од 18.11.2025 год.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и 202/24 на РСМ), член 120 став 9 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Сл.весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 41 став 1 алинеа 6 од Статутот на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/3 од 31.08.2016 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 01.12.2025 год., донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување вршител на должност Директор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

1. Маја Васовска Николовски се разрешува од должноста вршител на должност Директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце заклучно со 30.11.2025 год.

2. Лицето од точка 1 на ова Решение беше именувано за вршител на должноста директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце во период од 31.05.2025 до 30.11.2025 год.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр.09-1242/1 од 30.05.2025 год.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и 202/24 на РСМ), член 126 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Сл.весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 44 од Статутот на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА општина Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/3 од 31.08.2016 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 01.12.2025 год., донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на мандатот на в.д. директор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

1. Маја Васовска Николовски родена на 02.01.1984 год. во Тетово, со место на живеење во Прељубиште ул.101 бр.бб имател на ЕМБГ 0201984475018 и л.к.бр.А1717054 издадена од МВР Тетово, со завршено Високо образование VII/1 степен – Педагошки факултет, Предучилишна настава, вработена во Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце на работно место Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст, со звање приправник, именувана за в.д. Директор со Решение бр.09-1242/1 од 30.05.2025 год. за период од 6 месеци од 31.05.2025 год., до 30.11.2025 год., му се продолжува мандатот за вршител на должност директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, почнувајќи од 01.12.2025 год.

2. Вршителот на должноста директор на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце ќе ги врши работите до именување нов директор но не подолго од шест месеци од денот на продолжувањето на мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

# СОДРЖИНА

страна

Решение за прогласување на Критериуми за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Јегуновце за 2026 година.....1
Критериуми за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Јегуновце за 2026 година.....2

Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на противпожарно возило за потребите на Општина Јегуновце.....5
Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на противпожарно возило за потребите на Општина Јегуновце.....6

Решение за прогласување на Одлука за склучување на договор за концесионерите што стопанисуваат на територија на Општина Јегуновце и утврдување на висината за надоместок за користење на локалните патишта.....7
Одлука за склучување на договор за концесионерите што стопанисуваат на територија на Општина Јегуновце и утврдување на висината за надоместок за користење на локалните патишта.....8

Решение за прогласување на Одлука за утврдување на надоместок за градба на семејни стамбени и деловни згради , линиски и инфраструктурни објекти и други објекти.....9
Одлука за утврдување на надоместок за градба на семејни стамбени и деловни згради , линиски и инфраструктурни објекти и други објекти.....10

Решение за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.....15
Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.....16

Решение за прогласување на Одлука за трансферирање на средства – субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.....17
Одлука за трансферирање на средства –субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2026 год.....18

Решение за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце.....19
Одлуката за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце.....20

Решение за прогласување на Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце.....21
Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце.....22

Решение за прогласување на Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна локална установа Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште – Општина Јегуновце.....23
Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна локална установа Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште – Општина Јегуновце.....24

Решение за прогласување на Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с. Јегуновце, Општина Јегуновце.....25
Одлука за продолжување на мандат на членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с. Јегуновце, Општина Јегуновце.....26

Решение за разрешување од функцијата директор на Општинско основно училиште ШЕМШЕВО с. Шемшево, Јегуновце.....27
Решение за именување вршител на должност директор на Општинско основно училиште ШЕМШЕВО с. Шемшево, Јегуновце.....28

Решение за разрешување вршител на должност директор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце.....29
Решение за продолжување на мандатот на в.д. директор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце.....30